

# Baumit PremiumPrimer

Премиум прајмер

**Предности**

- **Одлично изедначување на подлога**
- **Овозможува оптимална атхезија на наредниот слој**
- **Овозможува изедначена завршна структура**




**Производ**

Универзално применлив, со голема покривна моќ, паропропусен прајмер кој служи за изедначување на впивливоста и подобрување на атхезијата . Содржи полнила кои што овозможуваат лесно нанесување на структурните декоративни малтери. Специјално направен за Баумит Премиум фасадните декоративни малтери NanoporTop, StarTop и PuraTop, како и за сите останати фасадни декоративни малтери.

**Состав**

Органско врзиво, адитиви, кварц, минерални полнила, додатоци, вода.

**Својства**

Импрегнација за подобрување на атхезијата и изедначување на впивливоста, овозможува изедначена нијанса и структура на фасадниот декоративен малтер и влијае на вкупната подобра водоодбивност на системот .

**Аплицирање**

Универзален прајмер за надворешна и внатрешна примена, пред нанесување на фасдните декоративни малтери: NanoporTop, PuraTopTop, StarTop, SilikonTop, SilikatTop, GranoporTop, CreativTop, DuoTop, FineTop, MosaikTop, Classico Extra и Special..
За припрема на минерални подлоги (бетон, вообичаен варово-цементен малтер, гипсани плочи и др.) Ја изедначува впивливоста и ја зголемува апсорпцијата пред завршната обработка на фасадните декоративни малтери .

**Технички податоци**

| **Производ** | |
|---|---|
| содржина на цврста материја: | прибл. 58 % |
| pH-вредност: | прибл. 8 |
| густина: | прибл. 1.5 $kg/dm^3$ |

| **Варијанта(и)** | | **PremiumPrimer 20kg** |
|---|---|---|
| принос | | прибл. 50 $m^2$/канта - 100 $m^2$/канта |
| потрошувачка | | прибл. 0.2 $kg/m^2$ - 0.4 $kg/m^2$ |

**Облик на испорака** Канта 5 kg, 1 палета = 48 канти = 240 kg; Канта 20 kg, 1 палета = 24 канти = 480 kg

**Складирање**

12 месеци на суво на дрвени палети во фолија, заштитено од мрзнење и директна сончева светлина.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Подлогата мора да биде сува, незамрзната, без прашина, впивлива, рамна, носечка и без нестабилни делови. Рамнината мора да одговара на важечките норми, максимални дозволени отстапувања се 2 мм на 1м. Отстапувањата од рамнината над дозволениот лимит можат да доведат до зголемена потрошувачка на материјал и може да влијае на конечниот изглед на фасадата.
Производот е прикладен за следните подлоги:

- минерални малтери (пр. Баумит цементни и варово-цементни малтери);
- бетон ;
- Баумит фасадни лепаци;
- Баумит термоизолациони малтери со меѓуслој (пр. Baumit MultiWhite, Baumit FeinPutz A или Baumit Pro/StarContact);
- гипс картон плочи;
- фасадни декоративни малтери со добра атхезија

Прозиводот не е прикладен за следните подлоги:

- свеж варов малтер;
- пластични и синтетички материјали ;
- лакови, односно мрсни бои;
- дрво;
- метал;
- органски бои со висока еластичност

**Подготовка на подлогата**

- Лесно песокливите минерални површини да се зајакнат со нанесување на зацврснувач на малтери, Baumit SanovaPrimer (време на сушење најмалце 14 дена ) или со користење на Baumit MultiPrimer темелниот прајмер (време на сушење пред нанесување на завршниот слој најмалце 12 часа );
- Нечистите поврќини да се исчистат, механички или со миење, почитувајќи го времето на сушење од мин. 2-3 дена ;
- Подлогите заразени со алги и габи треба да се третираат со посебни производи, на пример, Баумит растворот против алги ReClean (видете го техничкиот лист на производот);
- Одстранете ги сите слабо лепливи бои;
- Оштетените или напукнатите минерални површини санирајте ги со нанесување на Баумит масите (пр. MultiWhite, DuoContact, ProContact, StarContact White, openContact) и по потреба армирајте со мрежичка Баумит StarTex.

**Обработка**

Подлогата мора да потполно зрела и сува.
Baumit PremiumPrimer се нанесува рамномерно по целата површина. Прајмерот се меша до хомогенизација, со намалена брзина на мешање, а кога ќе се нанесе во два слоја (кај стари и впивливи подлоги), времето на сушење помеѓу слоевите е 24 часа. Да не се меша со други материјали. Се препорачува нанесување со валјак, но може да се користи и четка. Се нанесува рамномерно и без прекини. За да ја прилагодите конзистенцијата, во зависност од потребата, можете да додадете мала количина на вода од макс. 1%. При високи температури се препорачува нанесување на 2 слоја од прајмерот .
1 x Baumit PremiumPrimer темелен прајмер (се нанесува рамномерно по целата површина), или
2 x Baumit PremiumPrimer темелен прајмер (за поправки и високо впивливи подлоги со време на сушење помеѓу слоевите од мин. 24 часа ).

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата за време на постапката на аплицирање и врзување мора да биде најмалку 5 °C и максимално 30 °C. Фасадите би требало да бидат заштитени од диретно влијание на сончевата светлина, дожд и силен ветар (заштитна мрежа за скеле) најмалку 24 часа во зависност од временските услови. После сушење од мин. 24 часа се нанесуваат фасадните декоративни малтери: NanoporTop, PuraTopTop, StarTop, SilikonTop, SilikatTop, GranoporTop, CreativTop, DuoTop, FineTop, MosaikTop, Classico Extra и Special.
Заштита на соседните површини:
Површините поред завршната површина, посебно стакло, керамика, шпер плоча, клинкер, природен камен, лак и метал мораат да бидат заштитени. Испрсканите површини мораат одма да се измијат со вода. После употреба алатот и опремата одма да се измијат со вода .

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk